Врз основа на член 55 став (1) со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), член 41 – в став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и член 199 став (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗБОР И ПОДГОТОВКА НА ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА, ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТИ ВО КОМАНДНИТЕ СТРУКТУРИ НА НАТО, ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА НА РЕПУБЛИКАТА, КОМАНДИ, ШТАБОВИ И ВОЕНИ ЕДИНИЦИ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НАДВОР ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година и 01-4604/1 од 05.07.2021 година, во членот 4 се додаваат нови ставови 6, 7 и 8, кои гласат:

„По исклучок, лицата упатени на меѓународни должности во Постојаните делегации/мисии на Република Северна Македонија при НАТО и дипломатските претставништва на Републиката по интерен оглас, поради итни и неопходни потреби, можат да се ангажираат на времено непополнети должности во рамките на Постојаните делегации/мисии и дипломатски претставништва, до пополнување на должностите, а најмногу до истекот на мандатот за кој се избрани.

Лицата од став 6 од овој член можат да се ангажираат единствено врз основа на претходно доставена писмена согласност од нивна страна.

Во случај од став 6 од овој член, лицата ги остваруваат правата кои се поповолни за нив за време на извршување на меѓународната должност."

Член 2

По член 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

„Лицето кое се упатува на меѓународна должност е должно пред заминувањето да се раздолжи со предметите и опремата со кои е задолжено во Министерството или Армијата во вршењето на претходните работи и задачи, односно должност, а кои повеќе не му се неопходни, и да изврши примопредавање на должноста."

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01- 1171/1
16-02-2022 2022 год
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска